


enterprise europe network

*Мрежа на бизнис можности*

# Образование и вештини за претприемништво

АПП

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА
НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Образование и вештини за претприемништво

Претприемачи - луѓе кои поседуваат деловен менталитет, способни добрите идеи да ги претворат во успешен бизнис. Тие се клучот за просперитетна економија. Тие се исто така и решавачкиот фактор за создавањето на нови работни места како и  зголемување и раст на конкурентноста на Европската економија во годините кои доаѓаат.

Една од најважните приоритети на ЕУ е да ја стимиулира желбата што повеќе луѓе да станат претприемачи, при што Комисијата блиско соработува со владите на земјите од Европската Унија. Според Гинтер Вејхојген - бивш Потпреседател на Европската Комисија за претпријатија и Индустрија,***„Претприемачите се економската ДНК која ни е неопходна за градење на конкурентноста и иновативноста во Европа“***

## Што превзема Европската Унија?

Комисија заедно со националните влади на земјите членки работи претприемачкото образование да стане интегрален дел на курикулумите на сите степени на образовение.
Преприемачкото образование не само што ги образува младите за тоа што всушност претставува претприемништвото, туку и придонесува за поттикнување на нивната креативност и спремноста да превземаат иницијатива.
Ова се клучните вештини, не само за успешните претприемачи, туку и за секого. Кај некои земји членки предметот претприемништвото веќе претставува составен дел и цел на националните програми за средно образование.
За таа цел, Европската Унија го промовира организирањето на мини компаниите, кои ги раководат ученици во средните училишта,

како практичен начин да се воведат тинејџерите во светот на бизнисот. Истражувањата покажуваат дека околу 20% од учениците кои земале учество на ваквите програми во текот на своето образование, подоцна одлучиле да основаат сопствени компании.

## Претприемништвото во високото образование

Повеќето од курсевите по претприменииштво на Универзитетите се наоѓаат во рамките на студиите по економија. Бидејки е многу поверојатно бизнис идеите да произлезат од техничките, научните и креативните дисциплини, неопходно е претприемачкото образование да стане достапно за сите студенти. Европската Комисија ја промовира практиката на размената на информации и добри практики и во двете сфери:
http://ec.europa.eu/enterprise/entrepreneurship/support_measures/training_education

## Програми за финасиска поддршка на доживотното (претприемачко) образование на Европска Унија

Комисијата обезбедува финсирање на инцијативи преку програмата за **Доживотно Учење** (буџет од речиси 7 милијарди Евра за периодот 2007-2013 година), чија основна цел е создавање на едуцирано општество како предуслов и база за одржлив економски развиток, повеќе и подобро платени работни места и поголема социјална кохезија.

Комплетната листа на документи или дополнителни информации може да најдете на:
http://ec.europa.eu/education/lifelong-learning-programme/doc78_en.htm

Четирите подпрограми кои финансираат проекти на различни нивоа на образование и обука треба да обезбедат услови за внатрешна размена, соработка и мобилност помеѓу институциите во образовните системи на земјите кориснички. Нивниот придонес се состои во модернизацијата и прилагодувањето на истите кон структурата и стандардите на образовните системи во развиените земји членки, како и во контекст на целите од Лисабонската Агенда.



## ЕРАЗМУС за новите претприемачи

Европската Комисија ја промовира новата програма за мобилност за новоосновани или партнери претприемачи кои ќе ја поддржат и зголемат нивната прекугранична мобилност. Поминувајки време во некое мало или средно претпријатие од различни земји ќе им овозможи стекнување искуство и знаење кои ќе им помогне да ги надградат своите вештини. Истовремено, тоа ќе го поттикне основањето на нови компании во Европската Унија и ќе придонесе за мрежното поврзување помеѓу малите и средни претпријатија.
Http://ec.europa.eu/education/lifelong-learning-programme/doc80_en.htm



## ЛЕОНАРДО да ВИНЧИ
## за стручно образование и обука

Програмата ги поврзува политиките и праксата во областа на стручното образование и обука. Проектите имаат широк опсег и ги поддржуваат луѓето од овој сектор во подобрување на нивните способности, знаење и вештини преку одреден период поминат во странство, до Европска соработка помеѓу ВЕТ(Vocation Education and Training) партнерите со цел поттинување на атрактивноста, квалитетот и изведбата на ВЕТ стандардите и практиките.

Http://ec.europa.eu/education/lifelong-learning-programme/doc82_en.htm



## ГРУНДТВИГ
## практична едукација за возрасни

Програмата има за цел да им обезбеди на возрасните лица повеќе начини за подобрување на нивните знаења и вештини со крајна цел поддршка на нивнниот личен развој и зголемување на можностите за вработување. Со оваа програма се финасираат голем број на активности, вклучувајќи ги оние кои го поддржуваат учењето на возрасните во странство преку размени и други професионални искуства, иницијативи за вмрежување и партнерства меѓу организациите во различни земји.

Http://ec.europa.eu/education/lifelong-learning-programme/doc86_en.htm



## КОМЕНИУС
## образование за наставниот кадар

Програма за поддршка на образовниот и административниот кадар влучен во образование на деца од предшколска до гимназиска возраст. Различните акции се однесуваат на сите оние кои сакаат да го продлабочат својот личен развој со обука во странство или да ги вклучат своите ученици во Корениус партнерство. Исто така Корениус поддржува соработка помеѓу училиштата преку нивно училишно вмрежување.

Http://ec.europa.eu/education/lifelong-learning-programme/doc84_en.htm


www.apprm.gov.mk
www.een.mk
http://www.enterprise-europe-network.ec.europa.eu

Kontakt: eiicm@apprm.gov.mk
tel 02 3120132


cip competitiveness and innovation framework programme 2007–2013

**European Commission**
Enterprise and Industry